# З А К О Н
# ЗА ОДЛИКУВАЊА И ПРИЗНАНИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## Редакциски пречистен текст[1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се утврдуваат одликувањата и признанијата на Република Македонија и се уредува постапката за нивно доделување, правата и должностите на носителите на одликувањата и признанијата, како и други прашања од значење, за одликувањата и признанијата.

### Член 2

Одликувањата и признанијата на Република Македонија се симболи на признание што се доделуваат за работи и дела што заслужуваат општо признание, пожртвуваност и истакнување за време на мир или војна.

### Член 3

Одликувањата и признанијата на Република Македонија ги доделува и врачува лично претседателот на Република Македонија.

По исклучок претседателот на Република Македонија може да определи и друго лице кое ќе го врачи одликувањето или признанието.

### Член 4

Одликувањата и признанијата на претседателот на Република Македонија му ги доделува Собранието на Република Македонија.

### Член 5

Доделените одликувања и признанија по правило се врачуваат при одбележување на значајни настани, како што се: денот на прогласувањето на независноста на Република Македонија; денот на донесувањето на Уставот на Република Македонија; денот на Армијата на Република Македонија; денот на полицијата; денот на прогласување на Мајка Тереза за светица, како и при официјални посети на државници и слично.

### Член 6

Претседателот на Република Македонија во случај на хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија во кои учествуваат единици на Армијата на Република Македонија или вработени од Министерството за одбрана на Република Македонија, може да додели одликувања за воени заслуги на странските војници кои со лична храброст им помогнале на единиците на Армијата на Република Македонија во извршувањето на мисиите или во спасување на животите на војниците на Армијата на Република Македонија.

---

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во “Службен весник на РМ” бр. 48/02, Одлуката на Уставниот суд на РМ, У.бр.87/2005, објавена во “Службен весник на РМ“ бр.114/05, Законот за изменување и дополнување на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија, објавен во “Службен весник на РМ” бр.24/12 и Законот за изменување и дополнување на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија, објавен во “Службен весник на РМ” бр.190/16, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

### Член 7

Одликувањата и признанијата на Република Македонија се доделуваат на поединци граѓани на Република Македонија, на правни лица, државни органи, установи, владини и невладини организации, на единици, команди, штабови и установи на вооружените сили на Република Македонија, на единиците на полицијата на Министерството за внатрешни работи и на припадниците на Армијата на Република Македонија и на Министерството за внатрешни работи.

Одликувањата и признанијата се доделуваат за постигнати резултати во доменот на општествено-политичките, стопанските, научно-истражувачките работи, како и за особени заслуги од областа на социјалната и хуманитарната помош.

Одликувањата и признанијата се доделуваат и за активности кои придонесуваат за мирен и стабилен развој на Република Македонија, за придонес во нејзиниот демократски развој, за особено постигнати резултати во работата, како и за пројавена особена лична храброст во одбраната на татковината.

Одликувањата се доделуваат и за постигнати резултати во промовирање на хуманоста, милосрдието и добротворноста на локално, регионално и глобално ниво.

На физичките лица одликувањата можат да се доделат и посмртно.

### Член 8

Одликувањата и признанијата можат да се доделат и на странски државници - дипломати, странски физички и правни лица, меѓународни организации и други асоцијации.

За време на посета на претседател на друга држава од страна на претседателот на Република Македонија или за време на некои значајни национални и меѓународни настани може да се врши размена на одликувања и признанија на највисоко ниво.

Меѓусебни доделувања на одликувања и признанија за време на државна посета се договараат за време кога се подготвува посетата, а во согласност со прописите и практиката на односната држава.

### Член 9

Одликувања може да изработува само организација овластена од Владата на Република Македонија, по претходно добиена согласност од претседателот на Република Македонија или работно тело што ќе го определи претседателот на Републиката.

Промет со одликувања, како и прометот со намалени димензии (минијатури) на одликувањата е забранет.

Изработката и носењето на значки и други предмети што имаат облик или изглед на одликување не е дозволено.

Кабинетот на претседателот на Република Македонија заради оформување на документацијата - збирки на исправи од архивско или музејско значење (експонат), доставува по еден примерок, во копија, од доделеното одликување или признание на барање на Музеи на Република Македонија или на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, доколку се работи за воено одликување или признание.

**Член 10**

Одликувањата можат да се изработуваат и да се носат и во намалени димензии (минијатури), по барање и на трошок на нивните носители.

Намалени димензии (минијатури) на одликувањата можат да изработуваат само организациите од член 7 став 1 на овој закон.

II. ОДЛИКУВАЊА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Член 11**

Одликувања на Република Македонија се ордени и медали.

**Член 12**

Ордени на Република Македонија се:

1. Орден на Република Македонија;
2. Орден "8 Септември";
3. Орден "Илинден -1903 година";
4. Орден за заслуги за Македонија и
5. Орден за воени заслуги.

**Член 12-а**

Орден на Република Македонија кој се доделува за промовирање на хуманоста, милосрдието и добротворноста на локално, регионално и глобално ниво е - Орден Света Мајка Тереза.

**Член 13**

Медали на Република Македонија се:

1. Медал за заслуги за Македонија;
2. Медал за храброст;
3. Медал на честа;
4. Медал ВЕЧНО СОНЦЕ и
5. Медал за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија.

**Член 14**

1. Орден на Република Македонија - се доделува на:

- најистакнати личности и правни лица кои имаат посебни заслуги во остварувањето на самостојноста, суверeноста, независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија, како и за вонредни резултати остварени на цивилен и воен план.
- најистакнати личности кои исклучително придонеле за развивање и зацврстување на мирољубивата соработка и пријателските односи меѓу Република Македонија и други држави, како и за јакнење на нејзината меѓународна положба и углед;
- владини и невладини организации, здруженија, како и поединци, кои со своето работење и дејствување постигнат исклучителни резултати од значење за афирмирање на Република Македонија во областа на науката, уметноста, образованието, стопанството, хуманоста и слично, на домашен и на меѓународен

план, а особено поединци кои во областа на своето работење, односно професионално ангажирање добиле највисоки награди, односно најпрестижни признанија од меѓународно значење и

- шефови на држави и на влади, како и на други истакнати странски личности за вонредни заслуги во развивањето и зацврстувањето на пријателските односи и соработката на Република Македонија со други држави.

2. Орден "8 Септември "-се доделува:

- за вонредни заслуги на личности и државни органи, установи, владини и невладини организации и слично, од Република Македонија во конституирањето и изградбата на Република Македонија во мирновременски услови како суверена, самостојна, демократска и социјална држава, како и за исклучителен придонес за воспоставување, развивање и зацврстување на пријателски односи и мирољубива рамноправна соработка со други држави и меѓународни организации и асоцијации и за афирмирање и јакнење на нејзината меѓународна положба и углед;

- на лица, органи и организации кои особено придонеле за развој и афирмација на меѓунационалните односи во Република Македонија;

- на лица за извонредни дела и заслуги на полето на безбедноста, одбраната и заштитата на Република Македонија, како и за меѓународна соработка на тој план и

- на претседатели на држави, на парламенти и на влади, на високи странски државници и дипломати, на највисоки функционери на меѓународни организации и установи за исклучителни заслуги за воспоставување, развивање и зацврстување на пријателски односи и мирољубива рамноправна соработка меѓу соодветната држава, односно организација или установа и Република Македонија, како и за исклучителен придонес за јакнење на нејзината меѓународна положба и углед.

3. Орден "Илинден - 1903 година" - се доделува на:

- истакнати личности во борбите за национално и социјално ослободување; за политичките затвореници и лица прогонувани, судени и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност; за лица, државни органи, установи, владини и невладини организации и слично, кои со нивни посебни залагања придонеле во создавањето на сувереноста, независноста, територијалниот интегритет на Република Македонија; како и за исклучителен придонес за нејзиниот државно - правен и општествен развој и за јакнење на односите на заедниците во Република Македонија и

- лица за извонредни дела и заслуги на полето на безбедноста и одбраната на Република Македонија, како и за меѓународна соработка на овие полиња.

4. Орден за заслуги за Македонија - се доделува:

- на личности, владини и невладини организации и здруженија на граѓани, на правни лица, како и на други органи и организации за особени заслуги во политичкиот и општествениот живот во Република Македонија, како и на шефови на дипломатско-конзуларни претставништва на други држави и на меѓународни организации и други асоцијации акредитирани во Република Македонија; на странски државјани и странски установи и организации за особени заслуги за сувереноста, независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија, за успешно организирање и ефикасно остварување на функциите на органите на државната власт, за особено значајни остварувања во стопанството, образованието, науката, културата, иноваторството, здравството, социјалната

политика, спортот и во заштитата и унапредувањето на животната средина и природата и за особен придонес за успешно организирање и ефикасно функционирање на установите и организациите во овие области за заслуги во остварувањето и унапредувањето на односите меѓу заедниците во Република Македонија, за особени заслуги за успешно остварување и унапредување на односите и соработката на Република Македонија со други држави и со меѓународни установи и организации, како и за нејзиното афирмирање во светот во одделни области и дејности и

- за особени заслуги кои можат да се искажат и за меѓучовечка помош или хуманитарна помош која се спроведува со лично залагање.

5. Орден за воени заслуги - се доделува:

- на припадници на безбедносните сили на Република Македонија, на воени старешини за извонредни успеси во организирањето и командувањето со вооружените сили за време на војна и мир; во изградбата и јакнењето на одбранбената способност на Република Македонија; во командувањето и раководењето со безбедносните сили и воените единици или установи за дејствија коишто придонесуваат за успешна и ефикасна одбрана на независноста, безбедноста и територијалниот интегритет на Републиката;

- за особена храброст или за посебни заслуги на полицајци, војници, старешини, полициски единици и воени единици, штабови, команди и установи, кои со својот пример и умешност во раководењето со единицата, односно установата создаваат услови за постигнување на исклучително добри успеси или кои се одликуваат со старешински, полициски и војнички особини што им служат за пример на другите старешини и војници, како и на граѓански лица на служба во вооружените сили на Република Македонија за постигнување на особени резултати од значење за одбраната на Републиката;

- на воени и полициски единици и установи за повеќегодишно успешно работење и постигнување на особени резултати во развивањето и јакнењето на безбедносните сили и вооружените сили во Република Македонија и

- на припадници на странски вооружени сили за особен придонес за успешно остварување и унапредување на односите и соработката меѓу вооружените сили на нивната држава и вооружените сили на Република Македонија.

1.Медал за заслуги за Македонија - се доделува:

- на физички и правни лица за постигнати резултати кои придонесуваат за значаен развој и афирмација на Република Македонија во сите области на животот и работата, како и за развивање на пријателски односи меѓу Република Македонија и други држави, меѓународни органи, организации или асоцијации.

2. Медал за храброст - се доделува на:

- припадници на вооружените сили на Армијата на Република Македонија, на вработените од Министерството за внатрешни работи и на други личности за покажана лична храброст и самопрегор во одбраната на територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија, или во заштитата на човечки животи или материјални добра во опасни ситуации и

- припадници на Министерството за внатрешни работи за посебни заслуги и долгогодишно ангажирање при вршење на работите и задачите; посебно ангажирање во спасување или заштита на животот, имотот и здравјето на граѓаните, посебно ангажирање во спречувањето на нарушувањето на јавниот ред

и мир во поголем обем или заради особени заслуги и придонес во меѓународната афирмација на Министерството.

3. Медал на честа се доделува на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија за достигнувања во раководењето и командувањето со безбедносните сили при што дале придонес во развојот, угледот и унапредувањето во извршувањето на обврските и задачите кои произлегуваат од службата;

4. Медал ВЕЧНО СОНЦЕ се доделува на:

- припадник на безбедносните сили кој го загубил животот, здобил тешки телесни повреди или оштетување на здравјето при одбраната на независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија, учество во вежбовни активности и обука и во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија, како и должности во мултинационални воени сили формирани согласно со ратификуваните меѓународни договори кои Република Македонија ги склучила или им пристапила и

5. Медал за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија на кој е претставен називот на операцијата и бројот на учеството во истата, се доделува на:

- припадниците на безбедносните сили на Република Македонија, како и на граѓаните на Република Македонија ангажирани во активности во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија.

Медалот од точката 5 на овој член се доделува за секое учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија, и тоа:

- прво учество, медал со чист рибон,
- второ учество, медал со бронзена ѕвезда на средина на рибонот,
- трето учество, медал со бронзена ѕвезда и број 1 на средина на рибонот,
- четврто учество, медал со сребрена ѕвезда на средина на рибонот,
- петто учество, медал со сребрена ѕвезда и број 1 на средина на рибонот,
- шесто учество, медал со златна ѕвезда на средина на рибонот и
- за учество во секоја следна мисија, медал со златна ѕвезда и со последователен број на средина на рибонот.

**Член 14-а**

Орденот Света Мајка Тереза се доделува на лица за особени достигнувања во ширењето на хуманоста, милосрдието, добротворноста, толеранцијата и соживотот кои даваат хуман придонес преку помагањето на болните, гладните, сираците, напуштените, луѓето отфрлени од општеството, обесправените, сиромашните, угнетените, бездомниците, бегалците, лица со особен социјален ризик и лица од други ранливи категории на локално, регионално и глобално ниво.

**Член 14-б**

Орденот Света Мајка Тереза се доделува во пет ранга, во зависност од обемот, ефектот, влијанието и нивото на достигнувањето во областите и нивоата согласно со членот 14-а од овој закон.

Начинот на утврдување на ранговите го пропишува претседателот на Република Македонија.

**Член 15**

Утврдениот редослед на ордените од членот 12 од овој закон, како и на медалите од членот 13 од овој закон го определуваат и рангот на нивното значење, а за орденот од членот 12-а од овој закон редоследот и нивното значење се утврдува согласно со членот 14-б од овој закон.

Доделувањето на ордените и медалите не се врзуваат за години на старост.

На субјектите од член 7 став 1 на овој закон може повторно да им биде доделено исто или повисоко одликување најмалку по истекот на три години.

Постапката во процесот на одлучувањето за доделување на одликувањата и признанијата се од доверлив карактер. Информирањето во врска со доделувањето на одликувањата и признанијата, а кои не се од доверлив карактер во медиумите го врши Кабинетот на претседателот на Република Македонија.

III. ПРИЗНАНИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Член 16**

Признание на Република Македонија е:

1. Повелба на Република Македонија.

**Член 17**

Повелба на Република Македонија се доделува на:

- државјани на Република Македонија и на државјани на други земји, на правни лица и на меѓународни институции и организации за посебен придонес за развојот на Република Македонија, за особени заслуги во развивањето и унапредувањето на меѓународните односи и на соработката на Република Македонија со други држави и меѓународни институции и организации и јакнењето на нејзината меѓународна положба и углед и
- поединци, организации и здруженија, како и на културно-уметнички, спортски и други здруженија за успешно организирање и претставување на достигнувањата од соодветната област во земјата и странство.

IV. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ОДЛИКУВАЊАТА И ПРИЗНАНИЕТО

**Член 18**

Одликувањата се доделуваат со указ на претседателот на Република Македонија, а пак признанието се доделува со одлука на претседателот на Република Македонија.

Одликувањата и признанијата што се доделуваат на претседателот на Република Македонија, се доделуваат со одлука на Собранието на Република Македонија.

Указите и одлуките за доделување и за одземање на одликувањата и признанието се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 19**

Претседателот на Република Македонија доделува одликувања од членовите 12 и 13 од овој закон и признание од членот 16 од овој закон по своја иницијатива или по иницијатива на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, државни органи и организации, здруженија, граѓани на

Република Македонија, правно лице, единица на локалната самоуправа и културно уметнички и спортски друштва, а за орденот од членот 12-а од овој закон по иницијатива на Комисијата од членот 19-а од овој закон.

Иницијативите се доставуваат до претседателот на Република Македонија.

Иницијативата би требало да ги содржи потребните податоци заради постапување по истата, а особено: име и презиме и адреса на кандидатот за одликување, назив на органот, како и образложение за неговите особени заслуги. Предлози за доделување на одликувања и признанија можат да даваат и функционерите кои раководат со државните органи, за вработените во тие органи.

**Член 19-а**

Иницијативата за одликувањето од членот 12-а од овој закон ја поднесува Комисија, која ја назначува Собранието на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од седум члена и тоа:

1. Министерот за надворешни работи;
2. Претставник на Католичката црква, на предлог на Католичката црква во Република Македонија;
3. Два члена државјани на Република Македонија со висок авторитет во областите од членот 14-а од овој закон, по еден на предлог на претседателот на Република Македонија и Македонската академија на науките и уметностите;
4. Три члена државјани на странски држави со висок авторитет во областите од членот 14-а од овој закон, на предлог на Министерството за надворешни работи.

Предлог за покренување на иницијатива за одликување до Комисијата од ставот 1 на овој член, може да поднесе секое домашно и странско физичко и правно лице.

Мандатот на членовите на Комисијата од ставот 1 на овој член е шест години.

Одлуките во Комисијата се носат едногласно.

Претседателот на Комисијата се избира едногласно од редот на членовите на Комисијата.

Членовите на Комисијата може да се разрешат на нивно барање или на предлог на предлагачите од ставот 1 точки 2, 3 и 4 на овој член кои го предлагаат соодветниот член на Комисијата, а Собранието на Република Македонија ги разрешува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Предлогот за разрешување од ставот 6 на овој член содржи образложение, како и предлог за именување на нов член на Комисијата.

На претседателот и членовите на Комисијата од ставот 1 на овој член им се исплаќаат средства за направени патни трошоците (авионски карти или карти за друг вид на превоз, превоз од и до аеродром), трошоци за сместување и исхрана за времетраење на нивниот престој во државата, врз основа на доставени фактури за реално направените трошоци.

Административно-технички работи за потребите на Комисијата ги врши Министерството за надворешни работи.

Комисијата донесува Деловник за својата работа.

Комисијата е должна за одликувањето од членот 12-а од овој закон, заедно со предлогот на добитникот на орденот Света Мајка Тереза да ги достави до претседателот на Република Македонија најдоцна два месеца пред денот на доделувањето на орденот Света Мајка Тереза.

**Член 20**

Граѓанин на Република Македонија може да прими титула, одликување или признание од шеф на странска држава или на влада, владина или невладина организација, а за примената награда го известува Кабинетот на претседателот на Република Македонија.

**Член 21**

На носителите на одликувањата и признанијата им се издава уверение за доделеното одликување или признание.

**Член 22**

Описот, изгледот, како и материјалите од кои се изработуваат одликувањата и признанијата како и содржината и формата на уверението од член 21 согласно со овој закон, ги пропишува претседателот на Република Македонија.

V. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА НОСИТЕЛИТЕ
НА ОДЛИКУВАЊАТА И ПРИЗНАНИЈАТА

**Член 23**

Одликувањето и признанието може да го носи, користи и употребува само носителот на одликувањето.

Носителите на одликувања се обврзуваат доделените одликувања да ги носат на пристојна облека.

Одликуваното правно лице, како и воените и полициските единици, штабови и команди, односно воените установи обезбедуваат услови одликувањата и признанија или уверенијата од член 21 на овој закон да се излагаат на посебно место и на начин достоен на заслугите за кои им се доделени одликувањата и признанијата.

**Член 24**

Одликувањата и признанијата се врачуваат на посебна свеченост организирана за таа цел. Тие преминуваат во сопственост на одликуваниот и не постои обврска за нивно враќање од страна на неговите наследници, доколку со овој закон поинаку не е утврдено.

**Член 25**

Одликувањето, односно признанието на посмртно одликувано лице и на одликувањето, односно признанието што на одликуваното лице не му е предадено за време на неговиот живот, како и документите за одликувањето, им се предаваат на членовите на неговото семејство. Како членови на семејството, во смисла на овој закон, се сметаат брачниот другар, децата, внуците, родителите и браќата и сестрите на одликуваното лице.

По смртта на одликуваното лице, односно по престанокот со работата на правното лице, доделеното одликување го преземаат и го чуваат членовите на семејството на одликуваното лице, односно правните следбеници на одликуваното правно лице.

Во согласност со членовите на семејството на одликуваното лице кое починало, односно на правните следбеници на одликуваното правно лице што престанало со работа, одликувањето може да им се предаде на чување и користење на музеи или слични установи.

Ако членовите на семејството на одликуваното лице кое починало не се живи, односно нема правни следбеници на одликуваното правно лице, одликувањата и документите за одликувањата и признанијата се предаваат на чување на Архивот на Република Македонија.

**Член 26**

По барање на одликуваното лице што ќе го загуби одликувањето или пак уверението за неговата сопственост, врз основа на расположливите службени податоци за одликување или уверение ќе му се издаде ново одликување со соодветен надомест, врз основа на доказ дека одликувањето, како и документот за неговото издавање се изгубени.

Износот на надоместокот од став 1 на овој член го определува претседателот на Република Македонија.

**Членовите 27 и 28 се укинати**, види: Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.87/2005 ("Службен весник на РМ" бр.114/05).

VII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако неовластено пушта во промет одликувања, како и промет со намалени димензии (минијатури) на одликувањата, или неовластено изработува значки и други предмети што имаат облик или изглед на одликување (член 9 ставови 2 и 3).

Глоба во износ од 150 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 150 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

За дејствието од став 1 на овој член се изрекува и мерка на безбедност одземање на значките и другите предмети што имаат форма или изглед на одликување или признание на Република Македонија и одземање на стекнатата противправна имотна корист.

**Членот 30 е избришан**, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија, ("Службен весник на РМ" бр.24/12).

**Член 31**

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице, ако:

- неовластено носи, употреби и користи одликување, а не е одликувано (член 23 став 1) и
- го носи одликувањето на непристојна облека (член 23 став 2).

**Членот 32 е избришан**, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија, ("Службен весник на РМ" бр.24/12).

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 33**

Претседателот на Република Македонија прописите, чие донесување е утврдено со овој закон, ќе ги донесе во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 34**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат законот, подзаконските акти и другите прописи со кои беа регулирани прашањата од областа на одликувањата и признанијата.

**Член 35**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 87/2005 ("Службен весник на РМ" бр.114/05)**

1. СЕ УКИНУВА членот 1 во делот "и одземање", на Глава VI "Одземање на одликувањата и признанијата" и членовите 27 и 28 од Законот за одликувања и признанија на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.48/2002).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија**
**("Службен весник на РМ" бр.24/12)**

**Член 9**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија**
**("Службен весник на РМ" бр.190/16)**

**Член 8**

Подзаконскиот акт чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 9**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".